До: Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија
Скопје

# Б А Р А Њ Е

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации од спроведената постапка за јавна набавка бр. 20659/2021:**

- **Детална техничка спецификација на набавените лап топ компјутери;**
- **Цената која сте ја платиле за еден лап топ компјутер (со или без ДДВ);**
- **Бројот на набавени лап топ компјутери и**
- **Вредност на договорот**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго------------------------------------------------------------------

Барател на информацијата:

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

**Република Северна Македонија**
**Агенција за национална безбедност**

Рег. бр. 02-1885/1
01.04. 2022 година
Скопје

Врз основа на член 20, став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] година, имателот на информацијата Агенција за национална безбедност го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер од спроведена постапка за јавна набавка бр.20659/2021 СЕ УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Агенција за национална безбедност ви ја доставува следната информација:

Агенцијата за национална безбедност објави Оглас за јавна набавка бр. 20659/2021 година за набавка на преносливи компјутери (лаптопи) согласно кој јавната набавка е делива, на два дела. По спроведената јавна набавка Агенцијата склучи Договор за јавна набавка со АД МАКПЕТРОЛ – Скопје заведен под број 02-8420/1 од 27.12.2021 година, во вредност од 549.990,00 денари со вклучен ДДВ согласно кој се набавени 15 преносливи компјутери (лаптопи), а единечна цена без ДДВ изнесува 34.920,00 денари и Договор за јавна набавка заведен под број 02-8421/1 од 27.12.2021 година со АД НЕОКОМ – Скопје во вредност од 279.825,00 денари со вклучен ДДВ согласно кој се набавени 5 преносливи компјутери (лаптопи), а единечната цена без ДДВ изнесува 53.300,00 денари.

Воедно ви ја доставуваме целокупната тендерска документација чиј составен дел е деталната техничка спецификација за набавените преносливи компјутери (лаптопи).

**Република Северна Македонија**
**Агенција за национална безбедност**

Горенаведените податоци и документи се јавно достапни на веб страната на електронскиот систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки, e-nabavki.gov.mk.

**Прилог** : Како во текстот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Агенцијата за национална безбедност на 01.04.2022 година под бр. 02-1885/1.

**По овластување од директорот на**
**Агенцијата за национална безбедност**
**Службено лице за посредување со**
**информации од јавен карактер**

Ирена Ненова Ставрева